# ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА

**Предметна програма: Меѓународно јавно право**

**Предметен наставник: Марија Миленковска**
marijamilenkovska@yahoo.com
телефон: 02/ 2546-211 локал: 105
кабинет бр. 5

**Фодн на часови: 3 + 1**

**Кредити: студиска програма Безбедност (5)**
**Криминалист и Безбедност и евроатлански интеграции (6)**

**Јазик на кој се изведува наставата: македонски јазик**

## Цели (опис) на предметната програма

Во рамките на овој предмет студентите ќе се запознаат со конецептот на меѓународно јавно право и основните елементи на меѓународниот правен поредок. Тие ќе го развијат концептуалното разбирање на основните поими, институти и инструменти во областа на меѓународното јавно право. Посебна цел на предметната програма е студентите да стеканат продлабочено знаење за развојот и промените во многу области во меѓународното право. Студентите ќе се запознаат со современите теоретски сознанија во овој дел, како и со релевантните меѓународни акти и обичаи и ќе бидат оспособени за научно-истражувачка работа во областа на меѓународното јавно право.

## Литература:

1.Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014; Кристина Греј, Меѓународно право и употреба на сила, Просветно дело, Скопје (основна литература).
2. Љубомир Д. Фрчкоски, Васил Тупурковски, Владимир Ортаковски, Меѓународно јавно право, Табернакул, Скопје, 1995; Малколм Н. Шо, Меѓународно право, VI издание, Просветно дело, Скопје, 2009 (дополнителна литература).

## Детална предметна програма

**I. Дефинирање, настанок и развој на меѓународното право**

А) Дефинирање на Меѓународно јавно право
Б) Поим на меѓународно право
В) Правна природа на меѓународното право
Г) Спроведување на меѓународното право
Д) Меѓународно јавно право и Меѓународно приватно право
Ѓ) Основачи на модерното меѓународно право
Е) Природноправна и позитивистичка школа
Ж) Период на Европско меѓународно право (1648-1918 год.)
З) Меѓународното право меѓу двете светски војни
Ѕ) Меѓународното право по Втората светска војна
И) Тенденции во развојот на меѓународното право
Ј) Однос на внатрешното и меѓународното право

ЛИТЕРАТУРА: Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

**II. Извори на меѓународното право**

А) Членот 38 од Статутот на Меѓународниот суд на правдата
Б) Формални и материјални извори
В) Меѓународни договори – поим и карактеристики
Г) Меѓународни договори како извор на меѓународното право
Д) Поим за меѓународен обичај
Ѓ) Елементи на обичајноправното правило
Е) Општи правни начела признати од цивилизираните народи
Ж) Судски одлуки како извори на меѓународното право
З) Учења на најповиканите стручњаци
Ѕ) Начелото на правичност (*ex aequo et bono*)
И) Едностранi правни акти на државата
Ј) Акти на меѓународните организации
К) Меко право („*soft law*“)
Л) Хиерархија на изворите *u Jus Cogens*
Љ) Кодификација на меѓународното право
М) Односот на кодификуваните и обичајните правила во меѓународното право
Н) Кодификација и прогресивен развој на меѓународното право
Њ) Резултати на кодификацијата на меѓународното право
О) Доктринарна кодификација
П) Договорна кодификација
Р) Кодификација на меѓународното право во рамките на ООН

ЛИТЕРАТУРА: Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

**III. Субјекти на меѓународното право. Државата како субјект**

А) Поим и посебни видови субјективитет во МЈП
Б) Субјекти на меѓународното право. Државата како субјект
В) Меѓународните организации како субјект на меѓународното право
Г) Положбата на поединецот во меѓународното право
Д) Признавање на држави. Теории за признавање на државите
Ѓ) Видови признавање на нови држави
Е) Признавање на државите и владите
Ж) Признавањето и граѓанската војна
З) Сукцесија на држави – поим
Ѕ) Сукцесија и меѓународно-правен континуитет
И) Сукцесија на државите во областа на меѓународните договори
Ј) Сукцесија кај нови независни држави
К) Сукцесија при обединување на две или повеќе држави
Л) Сукцесија при распаѓање на државата
Љ) Сукцесија при отцепување на дел од државата
М) Сукцесија на државите во областа на државниот имот, архивите и долговите
Н) Основни права и должности на државата
Њ) Право на сувереност и независност; Право на еднаквост; Право на почитување на државите

О) Обврска на државите да се воздржат од закана или употреба на сила; за решавање на меѓународните спорови со мирни средства; да соработуваат согласно Повелбата на ОН; за совесно исполнување на обврските.

П) Забрана на интервенција во внатрешните и надворешните работи на државите

ЛИТЕРАТУРА: Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

## IV. Надлежност и меѓународна одговорност на државата

А) Надлежност на државите во меѓународното право
Б) Видови надлежност на државата
В) Строго внатрешна надлежност и меѓународна надлежност
Г) Имунитет на странските држави
Д) Меѓународна одговорност на државата – услови
Ѓ) Околности што ја исклучуваат противправноста на актот
Е) Видови одговорност на државата
Ж) Репарации за кршење на меѓународна обврска

ЛИТЕРАТУРА: Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

## V. Меѓународно право за правата на човекот

А) Човекови права: природа, класификации
Б) Меѓународна заштита на правата на човекот
В) Обединети нации – Повелба, Универзална декларација за правата на човекот, Меѓународни пактови за човекови права
Г) Мониторинг и имплементација
Д) Канцеларија на Високиот комесар за човекови права
Ѓ) Регионални системи за заштита на правата на човекот
Е) Совет на Европа
Ж) Европска унија
З) ОБСЕ
Ѕ) Интерамерикански систем за заштита на правата на човекот
И) Африка
Ј) Малцински права - поим
К) Заштита на правата на малцинствата: Обединети нации
Л) Заштита на правата на малцинствата: Совет на Европа
Љ) Заштита на правата на малцинствата: ОБСЕ

ЛИТЕРАТУРА: Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

## VI. Области во меѓународното право Разработка на темата:

А) Државна територија
Б) Начини на стекнување и трансфер на државната територија
В) Окупација на terra nullius
Г) Цесија
Д) Прескрипција
Ѓ) Прираст
Е) Откажување (Dereliction)

Ж) Државни граници - повлекување на државни граници
З) Видови граници
Ѕ) Принципот *uti possidetis juris*
И) Меѓународни реки
Ј) Меѓународни езера
К) Меѓународно право на морето
Л) Внатрешни морски води
Љ) Архипелашко море
М) Територијално море
Н) Надворешен морски појас
Њ) Епиконтинентален појас
О) Исклучива економска зона
П) Меѓународна зона (Заедничка баштина на човештвото)
Р) Отворено море
С) Земји без излез на море

ЛИТЕРАТУРА: Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

## VII. Дипломатско и конзуларно право

А) Дипломатски односи
Б) Вовед: поим на дипломатско право
В) Виенска конвенција за дипломатски односи
Г) Воспоставување на дипломатски односи и состав на дипломатските мисии
Д) Функции на дипломатски мисии
Ѓ) Привилегии и имунитети на дипломатската мисија
Е) Неповредливост на просториите на мисијата
Ж) Неповредливост на службените возила
З) Неповредливост на архивата и документите на мисијата
Ѕ) Фискално ослободување
И) Неповредливост на службената преписка на мисијата и на дипломатската вализа
Ј) Привилегии и имунитети на членовите на диполоматската мисија
К) Дипломатски агент
Л) Членови на семејството на дипломатскиот агент
Љ) Административен и технички персонал
М) Помошен персонал на мисијата
Н) Престанок на дипломатските функции
Њ) Конзуларни односи
О) Виенска конвенција за конзуларни односи
П) Воспоставување на конзуларни односи, конзуларни функции
Р) Привилегии и имунитети
С) Привилегии и имунитети на конзуларната мисија/конзулат
Т) Привилегии и имунитети на конзуларните функционери
Ќ) Почесни конзули
У) Специјални мисии

ЛИТЕРАТУРА: Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

**VIII. Меѓународно договорно право**

А) Виенски конвенции за договорно право
Б) Склучување на меѓународни договори: претставници на државата, постапка
В) Склучување на меѓународни договори: согласност на државата да биде обврзана со договорот
Г) Влегување во сила на договорот
Д) Обврска да не се повреди предметот и целта на договорот
Ѓ) Резерви
Е) Почитување и примена на договорите
Ж) Pacta sunt servenda
З) Временска и територијална примена на договорите
Ѕ) Последователни договори
И) Договорите и трети држави
Ј) Измена и модификација на договорот
К) Толкување на договори
Л) Депонирање и регистрирање на договори
Љ) Ништовност, престанок и суспендирање на договорот
М) Ништовност на договорот
Н) Престанок, повлекување и суспендирање на договорите

ЛИТЕРАТУРА: - Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

**IX. Меѓународни организации. Систем на Обединетите наци**

А) Настанување на ООН
Б) Цели и принципи на ООН
В) Главни органи на ОН
Г) Генерално собрание на ОН
Д) Совет за безбедност
Ѓ) Економско-социјален совет
Е) Старателски совет
Ж) Секретаријат на ОН и Генерален секретар
З) Членство во ОН - критериуми за прием во членство на ОН
Ѕ) Карактеристични случаи од практиката на прием во членство
И) Суспендирање и престанок на членството
Ј) Колективна безбедност
К) Правилото на вето и Резолуцијата „Обединети за мир“
Л) Случаи оквалификувани како закана за мирот и кршење на мирот
Љ) Мерки кои вклучуваат употреба на сила
М) Еволуција на системот на Обединетите нации

ЛИТЕРАТУРА: - Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

**X. Мирно решавање на споровите**

А) Дипломатски начини за решавање на споровите
Б) Преговори
В) Добри услуги
Г) Посредување (Медијација)

Д) Анкетни комисии (истраги)
Ѓ) Помирување (Концилијација)
Е) Правосудни начини за решавање на споровите
Ж) Арбитража
З) Дефинирање и функции на арбитражата
Ѕ) Постојан арбитражен суд
И) Арбитражен компромис
Ј) Меѓународен суд на правдата
К) Организација на Судот
Л) Надлежност на Судот
М) Претходни постапки
Н) Постапка пред Судот
Њ) Советодавно мислење

ЛИТЕРАТУРА: Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

## XI. Решавање на споровите со употреба на сила

А) Меѓународното право и употреба на сила
Б) Употреба на сила според Повелбата на ОН
В) Категории на сила што можат да ги употребат државите
Г) Реторзија
Д) Репресалии
Ѓ) Право на самоодбрана
Е) Поделба на оружените судири и применливи правни правила
Ж) Меѓународни оружени судири
З) Немеѓународни (внатрешни) оружени судири
Ѕ) Граѓанска војна
И) Агресија
Ј) Хуманитарна интервенција
К) Тероризмот и меѓународното право

ЛИТЕРАТУРА: - Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014; Кристина Греј, Меѓународно право и употреба на сила, Просветно дело, Скопје, 2009. 30-39.

## XII. Меѓународно хуманитарно право.

А) Развојот на Меѓународното хуманитарно право
Б) Заштита на ранети, болни и бродоломници
В) Заштита на воени заробеници
Г) Заштита на цивилното население
Д) Воена окупација
Ѓ) Однесување во непријателствата
Е) Меѓународно хуманитарно право и Меѓународно право за човекови права
Ж) Имплементација на Меѓународното хуманитарно право

ЛИТЕРАТУРА: Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

**XIII.Неутралност**

З) Поим и видови на неутралност
Ѕ) Постојано неутрални држави
И) Неутралноста во системот на Друштвото на народите и на ООН
Ј) Права и обврски на неутралните држави
К) Принципи и методи на поморско војување
Л) Воени итрини и перфидии
М) Блокада
Н) Контрабанда

ЛИТЕРАТУРА: Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.

## Начин на оценување:

| **Активности** | **Бодови** | **Вид на активност** |
|---|---|---|
| Завршен испит или два колоквиуми | 0 - 80 бодови | Задолжителна |
| Присуство и активност на предавања и вежби | 0 - 10 бодови | Активност на предавање и вежби незадолжителна и за редовни и вонредни студенти. Присуство на предвања и вежби незадолжителна за вонредни студенти. За редовни студенти види објаснување подоле. |
| Самостојна (домашна ) работа – есеј | 0 – 10 бодови | Незадолжителна |

## Активности: дополнителни информации

### Колоквиуми

Доколку полагањето се врши преку колоквиуми, тогаш студентот полага два колоквиуми, а оценувањето на колоквиумите се врши со поени од 0 до 80; за полагање на соодветниот колоквиум потребно е да се освои минимум 41 поен, притоа за формирањето на оценката се зема просечниот број поени освоени на двата колоквиуми. Доколку студентот не го положи првиот колоквиум, истиот може да го полага уште еднаш на поправен колоквиум организиран надвор од термините за настава. Студентот има право да полага втор колоквиум доколку го има положено првиот колоквиум. Доколку студентот не го положи вториот колоквиум, истиот може да го полага само уште еднаш, и тоа во првиот нареден испитен рок (Студентите запишани заклучно со студиската 2017/2018 година, имаат право да го полагаат вториот колоквиум во сите испитни рокови во тековната учебна година, до евентуалното повторно запишување на предметот).

### Присуство на предавање и вежби

Редовниот студент може да отсуствува од предавања или вежби најмногу три пати (оправдано и/или неоправдано) во текот на семестарот, во спротивно нема право на полагање на предметот преку колоквиуми. Наставата се одвива преку еден вид на комбинација на класични предавања, интерактивна настава, консултации и индивидуална и групна работа со студентите. На часовите се поттикнува кртичко мислење, дискусија и анализа. Индивидуалната работа, активност и партиципација на студентите во активностите и задачите што се изведуваат на часовите (анализа и симулација на случаии, дебати и др.) особено се поттикнуваат, охрабруваат и вреднуваат.

**Самостојна (домашна) работа – есеј**

Самостојната (домашна) работа - есеј е дополнителна, незадолжителна активност. Студентот самостојно работи во текот на семестарот/годината на една тема од областа на меѓународното јавно право за којашто самиот ќе се одлучи. Во секоја испитна сесија во текот на академската година, пред терминот за испит, ќе биде даден термин во којшто студентот во присуство на наставниот или соработнички кадар ке ја изработи дополнителната активност на темата што ја избрал и самостојно се подготвувал. Самостојната (домашна) работа-есеј носи од 0 до 10 бодови. За сите дополнителни информации во однос на испитниот режим и начинот на оценување консултирајте ги важечките правни акти на Универзитетот односно Факултетот.

## Оценка

од 0 до 50 поени: оценка 5 (пет)
од 51 до 60 поени: оценка 6 (шест)
од 61 до 70 поени: оценка 7 (седум)
од 71 до 80 поени: оценка 8 (осум)
од 81 до 90 поени: оценка 9 (девет)
од 91 до 100 поени: оценка 10 (десет)

Доколку при утврдувањето конечен број поени се појават децимали, се врши заокружување на бројот на следниов начин: ако првата децимала е помала од 5 се заокружува претходниот цел број, а ако истата е еднаква или поголема од 5 се заокружува следниот цел број. Стекнатите поени по основ на присуство и активност на предавања и вежби важат само до евентуалното повторно запишување на предметот. Правото на стекнатите поени од другите активности (семинарски трудови, проекти, менторство и др.) останува и доколку студентот повторно го запише предметот.

## Укажување

За подетални информации, за правата и обврските на студентите, како и за начинот на студирање и оценување консултирајте ги:
Закон за високо образвание објавен на официјалниот веб сајт на Министерството за образовани;
актите на УКЛО, објавени на официјалниот веб сајт на Универзитетот; и
актите на Факултетот за безбедност, објавени на официјалниот веб сајт на Факултетот.